Сузана СИМОНОВСКА

# ЛАМЕТРИ И КРАЈОТ НА МИЛЕНИУМОТ

На крајот на милениумот, во настојувањата да се промисли човекот и неговата состојба во услови на техничка цивилизација, особено на компјутеризација, кибернетика и интернет, делото на Жилиен Офри де Ламетри „Човек машина", повторно станува актуелно, кога пред нас се наметнува прашањето дали исходот на ваквиот технички развиток ни нуди преспектива на човек - машина.

Ова класично дело од францускотo просветителство и материјализмот, посветено на структурата на човековата суштина, е настанато во периодот на нововековната историја, кога науката ја соборува теолошката зграда на средновековието и го прокламира умот како врвно начело на светот. Во ова граѓанско движење за ослободување од средновековните традиции се нагласува надмоќта на разумот и водечката улога во борбата против догматскиот авторитет. Разоткривајќи ги религијата и метафизичката спекулација, материјалистите сакале да му го покажат на човештвото патот на науката и на разумот, гледајќи во нив една нова движечка сила. Религијата во која било форма се смета за погубна и промислена лага на свештениците и владетелите со чие посредство тие ги штитат своите сопствени интереси. Метафизиката треба да се сведе на физика, а сите спекулации за првите начела да се заменат со егзактно знаење на позитивните факти на искуството. Задача на научникот е да ја истражува природата (a posteriori), а не слепо да им верува на установените доктрини. Тоа од своја страна значело повторно проценување на независната интелектуална дејност која била насочена, како што вели Расел, „кон ширење на светлината, таму каде што дотогаш преовладувал мракот".[1] Равенката природа = ум станува врвно онтолошко, гносеолошко и логичко начело.

Во ова движење за просветителство, во борбата на критичкиот ум против догматскиот авторитет, философијата зазема водечко место, чија задача е да му го покаже на човекот патот кон вистината и слободата, ослободувајќи го од сите предрасуди. Човекот станува највисоко суштество, срж и цел на светот, а умот врвно начело на светот. На тој начин философијата добива чисто практична и социјална функција - просветлувајќи ги луѓето воедно им го покажува патот за промена на стварноста. Целта е насочена кон новата и посреќна иднина на човештвото.

---

[1] Б. Расел, *Мудроста на западот*, Зумпрес, Скопје, 1995, стр. 267.

Во пресрет на новото столетие, кога човечкиот ум е несопирлив во својот прогрес, несомнено е дека е остварен нововековниот идеал. Во триумфот на науката, умот се конкретизира како технолошки доминантен во нашиот век. Техниката станува новиот предмет на „нарцисоидната гордост" на човекот како творец на светот на предметите, која му дава чувство на надмоќ, сила и можност да владее со сè она што изгледало така далечно и недостапно.

Сега ги уживаме плодовите од нововековните настојувања. Живееме во свет на напредок, во свет на компјутеризација, кибернетика, интернет, во еден глобален и до висок степен унифициран свет. Сведоци сме на нови технологии, нова комуникација, на нов начин на живот. Духот на современото индустриско општество се карактеризира со развој на интелектуализацијата, апстракционизмот, квантификацијата, бирократизацијата и реификацијата. Применети врз луѓето, наместо врз предметите, тие стануваат „принципи на механиката", а не на животот, и како последица на тоа се јавува индиферентност кон животот, „некрофилниот" презир кон животот и обожување на брзината и сè што е механичко.[2]

Денешнот човек како да е затекнат во парадоксот на бесконечниот технички прогрес и можноста од тотална пропаст, како да ја губи способноста да ги решава проблемите, да ги одгатнува загатките, и да ги расветлува проблемите. Се наметнува прашањето: дали ваквиот живот е посакуваната нова и посреќна иднина на човештвото? Време е за починка и преслушување - што со нас натаму?

Со цел да ја расветлиме состојбата на човекот во високо механизираниот свет, ќе се обидеме, како и Ламетри, да пробиеме длабоко во лавиринтот на човековата суштина, во она што се нарекува човекова природа и да дојдеме до рамките на човековиот живот.

Следејќи го современиот антрополошки пристап, човекот се дефинира како посебен квалитет, при што составни компоненти на човечкиот организам - ирационалните и рационалните елементи (дух и тело) се во хармонија и го овозможуваат нашето индивидуално опстојување. Во таквиот пристап, каде што човековата природа се третира како најкомплексна, најсложена, умот е во корелација со ирационалните слоеви и станува збор за една симбиоза помеѓу духот и телото, за слевање на ирационалните и рационалните слоеви, односно за взаемно оплодување на сетилата, разумот и интуицијата. На тој начин се надминува дуалистичкиот концепт во објаснувањето на структурата на човековата суштина, кој поставува остра дихотомија помеѓу телото и духот.

---

[2] Види: Е.Фром, *Човековото срце*, Млад Борец, Скопје, 1996, 49-50 стр.

Дуализмот најрадикално го изрази Рене Декарт како res extensa (ствар која се простира) и res cogitans (ствар која мисли). Телото и духот се апсолутно независни едно од друго, и притоа активна е само душата, додека телото е само автомат. Редукционистичкиот пристап е карактеристичен и за христијанската традиција, каде што духот се сфаќа како подрачје на чистота, светост, невиност и се проповеда аскетски идеал на одвраќање од телесноста.

Ламетри, во објаснувањето на човековата природа, се обидува да го надмине христијанскиот и Декартовиот дуализам. Притоа тој поаѓа од позиции на биологизмот и позитивизмот и во духот на францускиот материјализам човекот го објаснува со биолошки закони. Човекот го смета за природен систем, како дел од природата и како таков како дел од општата еднообразност.

Поаѓајќи од искуството и набљудувањето како единствени „наши водители", како и од фактот дека најголемите откритија во филозофијата ги извршиле лекарите, (и самиот лекар по својата струка), тежиштето на својата наука го става на медицинското набљудување на телесната насоченост на човековите душевни појави. Иако Декартовата физика е основа на неговите истражувања, тој го отфрла картезијанскиот дуализам и дозволува постоење на само една супстанција, односно материја. Едно од обележјата на материјата е движењето, за кое не е потребен примарен двигател. Бог е само она што Лаплас подоцна го нарекол „непотребна хипотеза". Значи организираната материја е обдарена со движечки принцип и тоа ја разликува од неорганизираната материја. Според ова гледиште духовноста е функција на материјалниот свет, што значи дека душата не претставува посебен ентитет. Врз ова учење материјалистите го изградувале и својот атеистички став.

Насочувајќи го интересот на антрополошките законитости на човечкиот организам, човечкото тело го определува како механизам, најсовршена машина „која самата ги навива своите сопствени пружини: тоа е жива слика на вечното движење".[3] Сè зависи од тоа како е „навиена машината". Мислата се развива заедно со органите, така што душата е празен збор. Душата, како принцип на движењето, постои со седиште во мозокот. Таа е само осетлив материјален дел на мозокот кој може да се смета како главен двигател на целокупната машина и има влијание врз сите останати кои од неа произлегуваат.

Значи душевните способности зависат од самата организација на мозокот и на целото тело. Таа се развива со развојот на телото

---

[3] Ž. O. Lametri, *Čovek mašina*, Kultura , Beograd, 1955, str. 27.

како и со развојот на воспитанието. „Доколку мозокот е добро организиран и добро образован, тогаш тоа е плодна земја совршено засеана, која двојно го враќа она што го примила“.[4] Притоа, разбиливо, Ламетри примарна улога ѝ дава на телесната организација. „Телесната организација е она со што се истакнува човекот, а неа ја добиваме од природата, на која сѐ ѝ должиме“.[5]

Поради еднообразноста на природата може да се осети и аналогијата помеѓу човекот и животните, човекот и растенијата и животните и растенијата. Декартовата шема ја пренесува од животните на човекот, дополнувајќи ја со материјалистички поставки дека секоја машина и чувствува. Оттука основни заклучоци на механицистичкиот материјализам на Ламетри се дека секоја материја самата од себе се движи, чувствува и мисли. На тој начин Ламетри настојува да ја објасни поврзаноста на човекот со природата, природните меѓустепени, преминот од анорганско во органско и духовно, што од своја страна беше недостаток во Декартовата концепција.

Значи, во сфаќањето за човечката природа што преовладуваше во ерата на Просветителството, основна поставка е дека постои човекова природа која, како што укажува Клифорд Гирц, е исто толку правилно организирана, исто толку целосно неменлива, и исто толку прекрасно едноставна како универзумот на Њутн. Човекот е целосно дел од природата и како таков е дел и од општата еднообразност на составот што ја имаше откриено природната наука.[6]

Ваквото механицистичко објаснување на човечката природа е неприфатливо. Во модерната антрополошка мисла човекот се третира како автономен свет кој не може да се разбере со механизмите на биолошкиот свет. Меѓутоа, човекот во услови на техничката цивилизација на парадоксален начин функционира како машина. Во таа смисла синтагмата човек-машина е сѐ уште актуелна како метафора за човечката ситуација на крајот на милениумот.

Дуализмот кој Ламетри се обидуваше да го надмине, денес повторно е на сцена. Во модерната наука триумфира просветителскиот дух. Духот се сведува на интелект и се ориентира кон познанието на предметите и нивните взаемни врски и односи. Интелектот добива инструментален карактер, се става во служба на техничкиот напредок, со цел да се загосподари со природата и да се трансформира матери-

---

[4] Исто, стр. 37.

[5] Исто, стр. 37.

[6] Види: C.Geertz, „The Impact of the Concept of Culture on the Concept of Man“ in *The Interpretation of Cultures*, Fontana Press, London, 1993.

јалниот свет. Стварноста се претвора во објект на егзактно истражување и совладување, човекот се подредува на предметите и нивната техничка логика, вистината се редуцира на точност или корисност. Се прифаќа детерминизмот, а се отфрлаат човечките вредности.

Со тоа човекот, како сложена структура од тело, дух и потреби, останува во сенка. Станува збор за дехуманизација на духот што резултира со отуѓување на човековата суштина. Духот редуциран на интелект, на технички ум е во служба на развојот на науката и техниката, а науката и техниката, пак, се во служба на бескрајниот процес на усовршување, во кој сè добива смисла и вредност само од гледна точка на создавање на материјални добра и повисок животен стандард. На таков начин се создава материјалистичка култура, која е во функција на технолошката рационалност и е насочена кон манипулација со луѓето. Во модерната материјалистичка култура телото се остава во сопствена автономија, а во вредносниот систем превладува концептот за материјална благосостојба, за угоден телесен живот. Како резултат на расчекорот што се збиднува помеѓу духот и телото, во една таква пресилена материјална потрошувачка, човекот се редуцира на биолошка егзистенција и се афирмира како потрошувач на материјални добра.

Во модерен контекст имаме една парадоксална ситуација. На крајот на милениумот, кога триумфира науката, се јавува тенденција на елиминација на човекот. Духот на човекот „застарува“ и тој функционира беспрекорно како „совршена машина“. Современото технолошко општество, користејќи ги средствата што му ги нуди техничкиот напредок, развива посебни механизми со кои човекот го врзува за општеството и го доведува во состојба на инструмент.

Од една страна, самиот технолошки развиток, автоматизацијата, компјутеризацијата итн., од човекот бара да извршува определени операции, а не да решава проблеми. Ваквиот развој од своја страна го ослободува човекот од физичкиот труд и него го заменува со умствен. Притоа подготовката за влегување во технолошкиот систем не бара големи напори, сè се постигнува со брза обука. Со строгото рационализирање на работата, индивидуалните разлики во способностите, знаењата и изразувањата се претвораат во различен број вештини и обучувања. Целокупната активност на индивидуата се сведува на спонтани реакции кон пропишаните норми и претходно дадените цели и задачи во која нема простор за автономно и слободно делување. Резултат на затворениот круг на организацискиот и институционалниот перфекционизам е претворањето на ефикасноста во цел по себе, при

што се заборава дека човекот е цел, а неговата diferencia specifica е слободната творечка дејност, која не може да се вклопи во калапите на институционалните и организациски механизми.

Од друга страна, преку развиениот систем на информирање, комуницирање и реклама, се задушуваат оние потреби кои треба да бидат ослободени (потреба за автономност, оригиналност, спонтаност, креативност), а се наметнуваат такви потреби кои го држат човекот во покорност, ја заробуваат неговата свест. Станува збор за предимензионирање на вештачките потреби, а целта е нивната материјална корист. Изобилието на материјалните добра го претвора човекот во консумент, го пасивизира и со помош на зајакната институционализација на општествениот живот, која се заканува да ги институцинализира и најинтимните сфери на човековиот живот, ја деперсонализира индивидуата и бара од неа целосен комформизам. „Комформизмот станува идеал на современиот човек, подготвен да ја жртвува својата индивидуалност за што поцелосна интеграција во општеството“.[7] Поединецот се чуствува сигурен само кога неговите ставови се во согласност со ставовите на другите, кога е целосно вклопен во анонимна маса. Средствата за масовна комуникација, разонода и информација донесуваат пропишани ставови и навики, па дури и определени емоционални и интелектуални реакции. Спротивно од прифатената концепција дека индивидуалната слобода и развојот на индивиуалноста на човекот е основа на демократскиот систем, човекот тежнее да биде дел од масата и во таа маса го наоѓа изворот на креативност и вербата за припаѓање како фундаментална потреба на човекот.

Резултат на модернизацијата е отуѓувањето на човекот во сите сфери на општествениот живот - во работниот процес, во слободното време, во начинот на потрошувачката, во семејството и во системот на воспитување, а исто така и во културата во која доминантна улога играат средствата на масовната комуникација.

Современиот човек, сообразувајќи се со барањата кои му ги поставува современото општеството, кое функционира како една гигантска организација, станува составен дел на таа организација, односно „човек на организацијата“, како што го нарекува Вилијам Вајт. Човекот на организацијата, како идеален модел на модерниот човек, и самиот функционира како механизам, организација. Ефикасноста, точноста, вклопувањето во механизмот, способноста за соработка, стануваат морални императиви во ерата на техниката. На тој начин,

---

[7] Z. Golubović, *Antropološki portreti*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1991, str. 115.

наместо општество кое ќе овозможува оптимален развиток на човечките потенцијали и реализирање на спонтаноста и слободата на човекот во изборот на својата егзистенција, се создава таква општествена организација која пропишува „мера" на човечката реалност и „ги дозволува само оние форми на индивидуалност кои може да се сместат во Прокрустовата постела на хипертрофираната организација од современ тип".[8]

Ако на крај повторно се осврнеме на антрополошката структура на човековата суштина и направиме паралела со структурата на современото општество, ќе дојдеме до изворот на конфликтот помеѓу човекот и општествената организација. Имајќи предвид дека процесот на приспобување на индивидуата во општествениот механизам очигледно успева, изгледа парадоксално да се говори за конфликт меѓу човекот и организацијата. Меѓутоа, од антрополошка гледна точка, од стојалиште на човечката природа, ваквото приспобување на современиот човек е само прикриена форма на остар внатрешен конфликт кој се јавува во самата индивидуа. Со други зборови, конфликтот и дилемите не произлегуваат од социолошката основа, од природата на определен облик на општествена организација, тие се со онтолошко-антрополошки карактер, извираат од објективните разлики па дури и спротивности кои постојат меѓу човекот и општеството како различни структури. Структурата на човековата суштина е многу посложена од структурата на општествената организација. Личноста воедно е и телесна организација (организам) и психичка организација. За да може таа да функционира како целосно битие, потребно е да се интегрираат различните димензии на човековата природа врз основа на хуманистички вредности со кои таа ја осмислува својата егзистенција, надминувајќи го чисто биолошкиот статус. Човечкото е спротивно на сè што е автоматско, механичко, инстинктивно, на сè она што го сведува човекот на обичен штраф на еден механизам. Човекот е преголем за фрагментарните активности кои му ги наметнува сè посложената технолошка организација.

---

[8] Исто, стр. 126.

**ЛИТЕРАТУРА**

1. Lametri, Ž. O., *Čovek masina*, Kultura , Beograd, 1955.
2. Расел, Б., *Мудроста на западот*, Зумпрес, Скопје, 1995.
3. Golubović, Z., *Antropološki portreti*, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1991
4. Geertz, C., „The Impact of the Concept of Culture on the Concept of Man" in *The Interpretation of Cultures*, Fontana Press, London, 1993.
5. Фром, Е., *Човековото срце*, Млад Борец, Скопје, 1996.

***Клучни Зборови:*** *човек - машина, човечката природа, технички ум, материјалистичка култура, технолошката рационалност, „човек на организацијата".*

## SUMMARY

Suzana SIMONOVSKA

**LAMETRI AND THE END OF THE MILLENIUM**

The philosophical book ***L'homme machine,*** written by the French philosopher Lametri, in the period of the Enlightenment, represents and explains the structure of the Human Being. Although the mechanistic explanation by Lametri about the structure of the Human Being is unexceptable, the phrase l'homme-machine is still present in the modern society and it is a metaphor about the human existence in the world that is characterized with technical revolution.

Lametri tried to transcend the dualism in the explanation of the human nature. But in this study I try to explain that this dualism that Lametri denied is still present in the modern society.

In the era of mass production that is characterized with extreme consummation, the division between soul and body is great and emphasized, so the human existence is reduced to biological existence. The presence of the so-called Homo Consumenss is also obvious.

The Modern Society that functions as a giant organization creates a Modern Human Being who is in a way addicted to this organization and not able to function without it. So in a paradoxical way the Modern Human Being functions as machine and becomes a machine.